Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ
ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
МЗМП
ФРОНТ 21|42
АСЈО
Академија за судии и јавни обвинители

# КУРИКУЛУМ



## ЗА НАПРЕДНА ОБУКА ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА

ДОМАШНИ И ЕВРОПСКИ АСПЕКТИ - ОД ОТКРИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ ПРЕКРШОЦИ И КРИВИЧНИ ДЕЛА ДО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА -

# КУРИКУЛУМ ЗА НАПРЕДНА ОБУКА ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА

## ДОМАШНИ И ЕВРОПСКИ АСПЕКТИ
## - ОД ОТКРИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ ПРЕКРШОЦИ И КРИВИЧНИ ДЕЛА ДО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА -

Издавач:
Центар за правни истражувања и анализи

За издавачот:
Лидија Стојкова Зафировска

Уредници:
м-р Никола Јовановски
м-р Сара Марковска

Автори:
Проф. д-р Гордана Лажетиќ
м-р Оливер Митов

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, Ноември, 2024

Проект: “Добро владеење во животна средина на Зелена агенда за Западен Балкан” финансиски подржан од Европската Унија.

Имплементатори: Центарот за правни истражувања и анализи заедно со Македонското здружение на млади правници и Фронт 21/42

Овој документ е подготвен во рамки на проектот “Добро владеење во животна средина  на Зелена агенда за Западен Балкан” финансиски подржан од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


4 Листа на кратенки

5 1. Вовед

7 2. Методологија за подготовка на тренинг курикулумот

8 3. Структура и цел на напредните обуки

14 4. ЦЕЛНИ ГРУПИ

17 5. СОДРЖИНА НА МОДУЛИТЕ И ПОТТЕМИТЕ

17 МОДУЛ 1 – ЛЕГИСЛАТИВНА РАМКА И РЕГУЛАТИВА

18 МОДУЛ 2 – ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОТКРИВАЊЕТО И ГОНЕЊЕТО НА СТОРИТЕЛИТЕ

19 МОДУЛ 3 – АНАЛИЗА НА СУДСКАТА ПРАКТИКА И КАЗНЕНАТА ПОЛИТИКА

20 МОДУЛ 4 – ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛИТЕТ НИЗ ПРАКТИКАТА НА ЕСЧП

21 МОДУЛ 5 – ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НИЗ ПРИЗМА НА ПРАКСАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА ПРАВДАТА

22 МОДУЛ 6 – „ЗЕЛЕНАТА ВИКТИМОЛОГИЈА“ (Green Victimology)

23 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕЛЕВАНТНИ ИЗВОРИ

25 7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАПРЕДНАТА ОБУКА И СООДНОС НА ТРЕНИНГ МОДУЛИТЕ

26 8. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБУКАТА

27 9. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ЗА СОВЛАДУВАЊЕ НА ОБУКАТА

28 10. АГЕНДА ЗА ОБУКАТА

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **АСЈО** | Академија за судии и јавни обвинители |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕК** | Европска Комисија |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човековите права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човековите права |
| **ЕСП** | Европки суд на правдата |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **ДИЖС** | Државен инспекторат за животна средина |
| **ЦПИА** | Центар за правни истражувања и анализи |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СЕ** | Совет на Европа |





# ВОВЕД

Во услови на глобални климатски промени и растечка загриженост за заштитата на животната средина, концептот на еколошка правда добива сè поголемо значење. Република Северна Македонија, како земја со богато природно наследство и значајни ресурси, се соочува со предизвици кои бараат проактивен пристап кон управувањето со животната средина. Правото на здрава животна средина, утврдено во Уставот на РС Македонија, не само што претставува основно човеково право, туку и обврска на државата да го заштити и унапреди.

Меѓународната правна рамка за заштита на животната средина нуди алатки и принципи кои можат да се применат на национално ниво. Северна Македонија е потписничка на значајни меѓународни конвенции, вклучувајќи ги Конвенцијата за биолошка разновидност, Конвенцијата за климатски промени и Конвенцијата за заштита на природата и природните ресурси во Европа. Овие документи не само што го дефинираат правниот основ за заштита на животната средина, туку и создаваат обврски за домашното законодавство и практики.

Во Република Северна Македонија имплементацијата на законите од областа на животната средина често пати се одвива отежнато (воздух, отпад, вода, природа, индустриско загадување, хемикалии, бучава и др), а особено загрижува спроведувањето и  хармонизација со Директивите за оцена на влијанието врз животната средина и стратегиска оцена на животната средина. Видливо е постепеното зголемување на еколошките деликти, а со тоа и бројот на пријави и пресуди

за истите (27 пресуди во 2019 година, 81 во 2020 година и 126 во 2021 година). Сепак, независно од тоа, многу деликти остануваат неказнети или пак глобите со кои се санкционирани се незначителни. Новиот Кривичен Законик внесе новитети во делот на казни и одговорност за правни лица, со што националното законодавство стана подобро усогласено со директивите на Европската Унија. Сепак, во главните одговорни институции, како судството, јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Државниот инспекторат за животна средина недостасуваат капацитети за спроведување на овие новости, особено во врска со еколошките престапи, методите за утврдување на штетата и утврдување на одговорноста. Недостатокот на континуирана обука за судии, јавни обвинители и инспектори во областа на еколошката правда значи дека многу случаи на еколошки прекршоци не се адресирани со потребната сериозност. Статистиките укажуваат на тоа дека мал процент од сторените прекршоци завршуваат со судска завршница, што укажува на системски проблеми во ефикасноста на правосудството.

## 1.1 Тренинг програми во АСЈО од областа на животната средина

Академијата за судии и јавни обвинители во својата визија има предвидено градење на европски профил на судии и јавни обвинители преку почетна и континуирана обука. Во однос на темите поврзани со заштитата на животната средина, тие сеуште не се застапени во постојаната програма за теоретска обука во редовните модули, поврзана со испитна програма[1]. Академијата за судии и јавни обвинители во текот на наредниот период планира интензивирање на едукативните активности за заштита на животната средина, на кои составен дел е и овој курикулум.

1 Во изминатите шест години, во АСЈО, биле спроведувани тематски предавања и обуки поврзани со определена област од заштитата на животната средина но со потесен фокус и опсег. Во 2017 година е „Спроведување на судски случаи во областа на животната средина во САД", во 2018 година било одржано советување на тема „Прекршоци од областа на заштита на животната средина", во 2019 година била одржана обука за пристап до правда за прашања од животната средина, во 2020 година била одржана сесија посветена на кривичниот прогон на кривичните дела против животната средина, со посебен фокус на најдобрите практики при постапувањето во предмети поврзани со опасен отпад.

# 2. Методологија за подготовка на тренинг курикулумот

Подготовката на курикулумот за напредна обука од областа на еколошката правда се состоеше од две (2) фази.




Изработка на Извештај за проценка на потребите од обуки и акциски план за обуки во судовите, JO, МВР, МЖСПП и ДИЖС

Подготовка на курикулум за напредна обука за судии, обвинители и инспектори

Извештајот за проценка на потребите се подготви за да послужи како водечки документ кој ќе ги оцени потребите на судството, јавното обвинителство, МВР, МЖСПП и ДИЖС во однос на нивните потреби за градење капацитети за гонење и судење на кривични дела од областа на животната средина со фокус на методот на утврдување штета и одговорност како клучен сегмент во процес. Во текот на проценката беа земени во предвид релевантните документи, како што се: програмите за почетна и континуирана обука на АСЈО, националното законодавство и стратегии поврзани со криминалот во животната средина (Закон за заштита на животната средина, Кривичен законик, Директива за криминал во животната средина, итн.), како и клучните концепти на меѓународно ниво (правната рамка на Совет на Европа и ЕУ, судската пракса или Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и на Европскиот суд на правдата на Европската унија (ЕСП) и специфични области на еколошки прекршоци и кривични дела.



# 3. Структура и цел на напредните обуки

Обуката за еколошка правда во Македонија е од клучно значење за унапредување на правосудниот систем и за заштита на животната средина. Примената на научените вештини и знаења од обуката ќе ги зголеми капацитетите на судии, јавни обвинители и инспектори, овозможувајќи им да се справат со комплексните предизвици во областа на еколошката правда. Иднината на животната средина во Северна Македонија зависи од ефикасноста на правосудството и правната рамка која ја заштитува, а овие обуки претставуваат важен чекор кон постигнување на одржлив развој и заштита на на нашата кревка животна средина.

Врз основа на претходното искуство на ЦПИА во изготвување наставни програми и курикулуми за обуки во АСЈО (пример: Основна и напредна програма за правна аргументација, образложение и структура на судските пресуди; Наставна програма за обука за еколошка правда и курикулум за заштита на личните податоци и правото на приватност во онлајн просторот), овој курикулумот за напредна обука од областа на еколошката правда цели кон тоа да биде структуриран во модули и единици кои се доградуваат едни со други во однос на на сложеноста и темите. Настрана од националното законодавство, модулите ќе вклучуваат повикување на релевантната судска практика на ЕСЧП и ЕСП. Модулите ќе се изучуваат со различен степен на детали и интензитет како што би одговарале различни претставници на судски и обвинителски службеници, како и претставници од МВР и ДИЖС. Крајната цел е овој курикулум е да се вклучи во редовната програма за обука на АСЈО.

Вкупниот број на целната публика планирани да ја поминат оваа обуки во рамки на проектот поддржан од ЕУ е на приближно 100 претставници од правосудните институции (судии и стручни соработници), 50 од јавното обвинителство (јавни обвинители и стручни соработници во јавнообвинителската служба), 50 претставници од ДИЖС и 20 претставници од МВР. Методите на обука вклучуваат: предавања на теоретски дел, Power Point презентација, симулациски вежби, дискусии/интеракции, видео презентации. Обуките ќе се изведуваат во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, а сите развиени материјали за обука ќе бидат дел од библиотеката на Академијата и нејзината платформа за е-учење за идни обуки и консултации. Согласно методологијата и акциониот план, напредната обука ќе биде спроведени од локални експерти. Сепак, проектниот тим ќе ги истражи можностите за користење на инструментот TAIEX со цел да ангажира меѓународни експерти искусни во јуриспруденцијата на ЕСЧП и ЕСП.

Курикулумот за напредна обука од областа на еколошката правда е составен од следните 6 модули:

## МОДУЛ 1: МЕЃУНАРОДНА И НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РЕГУЛАТИВА

Овој модул ќе понуди преглед на важните меѓународни и национални закони кои се однесуваат на заштитата на животната средина, поконкретно:

- **Национална легислатива:** Анализа на домашното законодавство за заштита на животната средина, вклучувајќи закони, регулативи и стратегии кои произлегуваат од меѓународните обврски. Учесниците ќе разгледаат како тие закони се имплементираат и какво влијание имаат на националните еколошки политики.

- **Преглед на меѓународните договори:** Учесниците ќе се запознаат со важните меѓународни документи, како што се Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, Конвенцијата за биолошка разновидност, и другите релевантни договори. Овие документи поставуваат основни принципи и обврски за земјите во однос на заштитата на животната средина.

- **Механизми за спроведување:** Преглед на механизмите за спроведување на правата и обврските што произлегуваат од меѓународната и националната регулатива. Ова вклучува институции, процедури и алатки за мониторинг и отчетност.
- **Правни средства за делување:** Идентификација на можностите за правно делување во случаи на прекршување на еколошките закони. Учесниците ќе научат како да користат правни механизми за заштита на животната средина и како да се ангажираат во спорови за еколошки деликти.
- **Транспонирање на директивите на ЕУ:** Дискусија за потребата и предизвиците да се транспонираат европските директиви во домашното законодавство, со фокус на нивното влијание врз заштитата на животната средина во Северна Македонија.

## МОДУЛ 2: КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛ

Овој модул ќе ги истражи специфичните предизвици со кои се соочуваат правосудните органи при гонење на еколошките деликти. Различни аспекти, како што се недостатокот на докази, сложеноста на еколошките закони и влијанието на економските интереси, ќе бидат подложени на анализа. Обуката ќе вклучува и практични симулации на судски процеси, што ќе помогне во развојот на вештини за работа со специфични случаи.

## МОДУЛ 3: АНАЛИЗА НА СУДСКАТА ПРАКТИКА И КАЗНЕНА ПОЛИТИКА

Во овој модул, учесниците ќе анализираат примери од судската пракса, фокусирајќи се на начинот на кој судовите се справуваат со еколошките прекршоци и деликти. Анализата на казнената политика во Северна Македонија и нејзиниот развој во контекст на еколошката правда ќе понуди важен увид во моменталните состојби. Учесниците ќе имаат можност да дискутираат за различни судски одлуки и нивните импликации за идната практика.

## МОДУЛ 4: ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛИТЕТ И ПРАКТИКАТА НА ЕСЧП

Овој модул ќе опфати следниве клучни теми:

- **Дефиниција на еколошки криминалитет:** Разгледување на концептот на еколошки криминалитет, вклучувајќи примери на активности кои го нарушуваат животната средина и влијаат на здравјето на луѓето.

- **Практика на ЕСЧП:** Анализа на значајни случаи во кои ЕСЧП утврдил повреда на правото на здрава животна средина. Учесниците ќе разгледаат како судот го интерпретира правото на животна средина во контекст на Европската конвенција за човекови права.

- **Правни механизми за заштита:** Идентификација на правните средства и механизми кои жртвите на еколошки деликти можат да ги искористат за да бараат правда и компензација. Овде ќе се разгледаат како локалните и меѓународните правни системи можат да се применат за заштита на жртвите.

- **Улогата на државите:** Дискусија за обврските на државите да го заштитат правото на здрава животна средина и да превенираат еколошки криминалитет. Учесниците ќе анализираат конкретни примери на успешни и неуспешни политики.

- **Примери од пракса:** Преглед на конкретни случаи во кои жртви на еколошки злосторства успеале да добијат одлуки во своја корист пред ЕСЧП, и какви последици тоа имало на законодавството и практиката во земјите членки.





## МОДУЛ 5: ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НИЗ ПРАКСАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА ПРАВДАТА

Во рамките на модулот, учесниците ќе разгледаат:

- **Клучни одлуки на судот:** Анализа на значајни пресуди и одлуки на Европскиот суд на правдата (ЕСП) кои се однесуваат на заштита на животната средина. Овие одлуки често поставуваат преседани кои влијаат на националните законодавства.
- **Влијание на националното законодавство:** Истражување на тоа како пресудите на ЕСП доведуваат до промени во законодавството на земјите членки, особено во контекст на усогласување со правото на Европската унија.
- **Правна заштита:** Преглед на механизмите за правна заштита и обврските што произлегуваат од членството во ЕУ, вклучувајќи можности за граѓаните да поднесуваат жалби за еколошки прекршоци.
- **Пристап до правда:** Дискусија за тоа како Европскиот суд на правдата обезбедува пристап до правда за сите кои се погодени од еколошките политики и како тоа влијае на заштитата на животната средина.
- **Измената на политиките:** Преглед на начинот на кој правните пресуди влијаат на политиките за одржлив развој и како Северна Македонија може да ги интегрира овие принципи во своето национално законодавство.



## МОДУЛ 6: ЗЕЛЕНА ВИКТИМИЗАЦИЈА

Последниот модул ќе се фокусира на концептот на зелена виктимизација и правата на жртвите на еколошки деликти. Свеста за еколошкиот криминал довела до развој на зелена криминологија и зелена виктимологија, што ја истакнува важноста на заштитата на жртвите. Целта на модулот е да се разјасни опфатот на жртвите на еколошкиот криминалитет, особено во контекст на предизвиците со пристапот до правдата и неефективната судска заштита. Учесниците ќе гианализираат заклучоците на Врховниот суд на Република Северна Македонија, кои се однесуваат на зајакната судска заштита на правото на здрава животна средина, како основна вредност во Уставот. Ова ќе помогне да се идентификуваат механизми за правна поддршка на жртвите и за унапредување на еколошката правда.

Од погоре изнесеното, целта на обуката е да се изгради правен капацитет и знаење кај учесниците, што ќе им овозможи да се справат со сложените ситуации и предизвици во областа на еколошката правда. Научените вештини и знаења од обуката ќе ја зголемат ефикасноста на правосудниот систем во справувањето со еколошките прекршоци, како и во заштитата на правото на здрава животна средина, што е од витално значење за иднината на Република Северна Македонија и нејзините граѓани.



# 4. ЦЕЛНИ ГРУПИ

1. **Судии**

Судиите играат посебно значајна улога во спроведувањето на законите и правораздавањето поврзано со заштитата и унапредување на животната средина. Како клучни актери во правосудниот систем, нивната способност да идентификуваат и третираат еколошки прашања во рамките на кривичните, граѓанските и управните случаи е од исклучително значење за осигурување на правната заштита на животната средина. Улогата на судиите не треба се состои само од одлучување дали органот постапил согласно закон. Судот може и мора да реагира доколку во одредени случаи утврди дека јавниот орган не постапил во согласност со законот или доколку јавниот орган преземал дејствија или пропуштил да преземе дејствија со кои може да се предизвика штета на здравјето на луѓето или животната средина. При тоа особено треба да се цени опасноста која би можела да настане од преземањето или непреземањето на одредени дејствија и какво влијание ќе имаат истите врз здравјето на луѓето и животната средина краткорочно или долгорочно. Со оглед на зголемената сложеност на правните случаи поврзани со животната средина, целта на оваа обука е да ги опреми судиите со знаења и вештини кои ќе им помогнат да ја разберат и применуваат правната рамка за заштита на животната средина.

Обуката ќе им овозможи на судиите и стручните соработници да бидат свесни за опциите кои им стојат на располагање при толкувањето на законодавството поврзано со животната средина. Во текот на програмата, учесниците ќе се запознаат со различни аспекти на еколошките проблеми, како што се загадувањето, заштита на природните ресурси и правата на жртвите на еколошки деликти. Особено внимание ќе се посвети на идентификацијата на еколошките прашања кои може да бидат предмет на судење и на тоа како тие можат да влијаат на одлуките на судовите особено во насока на препознавање и во санкционирањето на еколошките прекршоци и кривични дела.

## 2. Јавни Обвинители

Клучната целна група во обуката за еколошка правда се и јавните обвинители но и стручни соработници во рамки на јавнообвинителската служба. Нивната основна надлежност е кривично гонење на сторителите на кривични дела, што вклучува идентификација на еколошки прекршоци и оценка на елементите на кривично дело. Обвинителите можат да делуваат по допрен глас или врз основа на непосредно забележување на прекршувања, како и по поднесени кривични пријави.

За ефикасно спроведување на својата функција, јавните обвинители и правосудната полиција мораат да соработуваат и да преземаат конкретни дејствија за откривање на еколошките кривични дела. Обуката ќе ги опреми учесниците со потребните знаења и вештини за идентификација и анализа на еколошките прекршоци, како и за примена на релевантното законодавство.

Овие обуки ќе го зајакнат капацитетот на обвинителите, осигурувајќи подобра заштита на животната средина и ефикасно гонење на еколошките криминалци, што е од клучно значење за здравјето на граѓаните и природата во Република Северна Македонија.

## 3. Инспектори од МВР и во Државен инспекторат за животна средина на Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија, инспекторите играат клучна улога во сузбивањето на криминалот од областа на животната средина. Главните инспекторати, вклучувајќи го Државниот инспекторат за животна средина, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, како и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, се одговорни за контролата и надзорот над

примената на законите кои се однесуваат на заштитата на животната средина. Овие институции имаат за цел да осигураат дека правните и техничките стандарди се почитуваат и дека загадувањето и другите негативни влијанија врз природата се минимизираат.

Државниот инспекторат за животна средина, како доминантен орган во оваа сфера, е одговорен за инспекциски надзор и контрола, согласно Законот за животна средина и другите релевантни закони. Неговите инспектори спроведуваат редовни проверки, истраги и ревизии на локациите, со цел да утврдат дали загадувачите ги исполнуваат законските обврски. Тие проверуваат дали се спроведуваат потребните мерења на емисиите, дали е воспоставен мониторинг систем и дали се применуваат техничко-технолошките мерки за заштита на животната средина.

Во рамките на своите надлежности, инспекторите имаат право да изведуваат разни анализи и мерења, да земаат изјави од засегнатите страни и да составуваат извештаи за своите наоди. Овие активности се од витално значење за идентификација на потенцијалните прекршители и за развој на стратегии за подобрување на заштитата на животната средина. Инспекторите, исто така, често соработуваат со други надлежни органи, најчесто со Министерството за внатрешни работи, заради пружање асистенција и координација на активностите поврзани со сузбивање на еколошкиот криминал. Во случаите кога еколошките прекршоци вклучуваат висок ризик по безбедноста или јавниот интерес, инспекторатите соработуваат со Министерството за внатрешни работи, кое обезбедува поддршка во истрагите и обезбедување на локациите на кои се врши инспекциски надзор.“

Со цел да се зголеми ефективноста на инспекцискиот надзор и да се подобрат капацитетите на инспекторите, неопходно е да се обезбеди континуирана обука и развој на вештини. Оваа обука ќе им помогне на инспекторите да бидат подобро подготвени за справување со новите предизвици во областа на еколошката правда, како и за примената на современите алатки и методи за мониторинг и анализа. Важно е да се создаде силна и координирана мрежа на инспектори кои ќе можат да реагираат на еколошките закани и да го заштитат природното наследство на Република Северна Македонија.

# 5.СОДРЖИНА НА МОДУЛИТЕ И ПОТТЕМИТЕ

| МОДУЛ 1 – ЛЕГИСЛАТИВНА РАМКА И РЕГУЛАТИВА | | |
|---|---|---|
| Цел на модулот | Целта на модулот е учесниците на обуката да се запознаат со аспектите на еколошката правда содржани во меѓународните документи, документите на ООН, како и директивите на ЕУ коишто ќе биде потребно да се транспонираат во домашното законодавство низ призма на загрозувањето на животната средина.<br>Анализа на домашното казнено законодавство во контекст на меѓународните обврски на државата. Подетално запознавање со одредбите од КЗ од аспект на објект на заштита и пропишана санкција. | |
| Времетраење на модулот | 60 минути | |
| Назив на активноста | Содржина на активноста | Метод на обработка |
| Поттема 1: Релевантни меѓународни и европски регулативи | - Конвенцијата на ООН од Архус од 1998 година<br>- United Nations Environmental Programme (UNEP 2016)<br>- ЕУ директиви и регулативи<br>» Directive (EU) 2024/1203 on the protection of the environment through criminal law<br>» Directive 2008/50/EC on Ambient Air Quality<br>» Directive 2016/2284/EU on the reduction of national emissions of certain atmospheric pollutants<br>» Sofia Declaration on the Green Agenda for the Western Balkans | Пленарно предавање<br>Анализа на одредби |
| Работни материјали: | Документите што се предмет на анализа во оригинал и по можност преведени на македонски/албански | |
| Профил на предавач: | Експерт во областа на еколошката правда | |
| Времетраење на активноста: | 20 минути | |
| Поттема 2: Релевантна домашна казненоправна регулатива | - Напредок во Поглавје 27: Климатски промени и животна средина<br>- Опфат, феноменологија и пропишани санкции за кривични дела од Глава XXII од КЗ<br>- Опфат, феноменологија и пропишани санкции за прекршоци во посебни закони<br>- Квантификација со цел разграничување на кривични дела и прекршоци | Пленарно предавање<br>Анализа на случаи<br>Добри и лоши практики |
| Работни материјали: | • Глава XXII од Кривичен законик<br>• Извештаи на Европската комисија во последните три години<br>• Извадок од закони во кои се содржани прекршочни одредби<br>• ГАП анализа ЦПИА | |
| Профил на предавач: | Експерт во областа на еколошката правда | |
| Времетраење на активноста: | 40 минути | |

| МОДУЛ 2 – КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛ | |
|---|---|
| Цел на модулот | Презентирање на спецификите во криминалистичкиот пристап за откривање и гонење на еколошки кривични дела, пронаоѓање траги и докази и документирање на случаите. Особено е важно да се направи разликата помеѓу еколошката штета којашто постои а не е секогаш видлива и не може успешно да се докаже за разлика од еколошките несреќи коишто овозможуваат post festum анализа на она што можело да се преземе за превенирање и откривање но не било сторено.<br>Особено е важно да се споделат искуства во однос на пречките на патот на успешното откривање и гонење на сторителите на еколошките кривични дела поради нивното бизнис-политичко влијание, корумпираноста и аспектите поврзани со меѓународните облици на сторување на овие кривични дела. |
| Времетраење на модулот | 225 минути |

| Назив на активноста | Содржина на активноста | Метод на обработка |
|---|---|---|
| Поттема 3: Предизвици во работењето и активностите на МВР | - Техника, тактика и методика на откривање на еколошките кривични дела<br>- Вештачењата и ПИМ мерките во функција на докажувањето<br>- Еколошка несреќа vs еколошка штета и загадување<br>- Корупцијата и организираниот криминал како пречки за ефективно откривање и гонење | Пленарно предавање<br><br>Анализа на случаи<br><br>Добри и лоши практики |
| Работни материјали: | Марина Малиш Саздовска,<br>“Еколошка криминалистика – второ дополнето издание, 2009 | |
| Профил на предавач: | Проф. д-р Марина Малиш Саздовска | |
| Времетраење на активноста: | 120 минути | |
| Поттема 4: Предизвици во работењето и активностите на други релевантни органи | - Улога на инспекторатите<br>- Улога на ДЗР<br>- Улога на ДКСК | Пленарно предавање<br><br>Анализа на случаи по кои се постапувало<br><br>Добри и лоши практики |
| Работни материјали: | • Извадоци од релевантни закони<br>• Случаи од практика обезбедени од предавачите | |
| Профил на предавач: | Претставници од:<br>» Инспекторатот при Министерството за животна средина<br>» ДЗР<br>» ДКСК | |
| Времетраење на активноста: | 60 минути (секој претставник по 20 минути) | |

| Назив на активноста | Содржина на активноста | Метод на обработка |
|---|---|---|
| Поттема 5: Гонење на еколошкиот криминал | - Потребни докази за процесирање<br>- Убеденост на јавниот обвинител<br>- Квалитет на обвиненијата | Пленарно предавање<br><br>Анализа на случаи<br><br>Добри и лоши практики |
| Работни материјали: | • ЗКП<br>• Обвинителни акти | |
| Профил на предавач: | Јавен обвинител | |
| Времетраење на активноста: | 45 минути | |

| МОДУЛ 3 – АНАЛИЗА НА СУДСКАТА ПРАКТИКА И КАЗНЕНАТА ПОЛИТИКА | |
|---|---|
| Цел на модулот | Анализа на пресудите што домашните судови ги донеле во однос на еколошките кривични дела со цел утврдување на фактичката состојба од која произлегуваат обележјата на кривичното дело, профил на сторителот, казнена политика како мотивирачки или одвраќачки фактор. |
| Времетраење на модулот | 60 минути |

| Назив на активноста | Содржина на активноста | Метод на обработка |
|---|---|---|
| Поттема 6: Анализа на предмети од судската практика во РСМ | - Оцена на прибавените докази<br>- Определување на правна квалификација<br>- Одмерување санкција (кривична и прекршочна)<br>- Казнена политика како (не)доволно одвраќачки фактор | Работа во групи<br>Анализа на случаи од практиката<br>Добри и лоши практики |
| Работни материјали: | • Четири случаи за работа во групи<br>• ЦПИА анализа | |
| Профил на предавач: | Судија или професор | |
| Времетраење на активноста: | 60 минути (10- запознавање со случите; 30 – работа во групи; 10 – презентација од групите, 10 – дискусија) | |

| МОДУЛ 4 – ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛИТЕТ НИЗ ПРАКТИКАТА НА ЕСЧП | |
|---|---|
| Цел на модулот | Богата е практиката на ЕСЧП во однос на заштитата на животната средина. Повеќе членови од ЕКЧП се релевантни во еколошките случаи, па целта на овој модул е запознавање со ставовите и заклучоците на ЕСЧП во неколку позначајни случаи.<br><br>Овој модул има две активности: првата, поврзана со придонесот на ЕКЧП во заштитата на животната средина како право коешто примарно не е пропишано во неа; и втората, анализа на пресудите на ЕСЧП со цел подигање на свеста за ризикот нашата држава да губи случаи во Стразбур поради неостварување на правото на здрава животна средина и импликациите врз другите права содржани во ЕКЧП. |
| Времетраење на модулот | 80 минути |

| Назив на активноста | Содржина на активноста | Метод на обработка |
|---|---|---|
| Поттема 7: Придонесот на ЕКЧП во заштита на животната средина | - Анализа на релевантни членови од ЕКЧП | Работа во групи<br>Анализа на случаи<br>Добри и лоши практики |
| Работни материјали: | • Текст на ЕКЧП<br>• Анализа на ЦПИА | |
| Профил на предавач: | Александар Гоџо, адвокат што застапува случаи во Стразбур | |
| Времетраење на активноста: | 20 минути | |
| Поттема 8: Анализа на пресуди на ЕСЧП | - Вода, воздух, бучава, отпад, животна средина | Работа во групи<br>Анализа на случаи<br>Добри и лоши практики |
| Работни материјали: | • Пресуди на ЕСЧП<br>• ЦПИА анализа –добри и лоши практики<br>• Justice observers | |
| Профил на предавач: | д-р. Жарко Алексов,<br>правен експерт во областа на судската практика на ЕСЧП | |
| Времетраење на активноста: | 60 минути (10- запознавање со случите; 30 – работа во групи; 10 – презентација од групите, 10 – дискусија) | |

| МОДУЛ 5 – ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НИЗ ПРИЗМА НА ПРАКСАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА ПРАВДАТА | |
|---|---|
| Цел на модулот | Целта на овој модул е учесниците да се запознаат со значајни пресуди и одлуки на Европскиот суд на правдата (ЕСП) кои се однесуваат на заштита на животната средина. Овие одлуки често поставуваат преседани кои влијаат на националните законодавства. Учесниците ќе се запознаат за тоа како пресудите на ЕСП доведуваат до промени во законодавството на земјите членки, особено во контекст на потребата од усогласување на законодавството на Северна Македонија како идна членка на ЕУ со правото на Унијата. Учесниците ќе имаат прилика и да се запознаат и со механизмите за правна заштита и обврските што произлегуваат од членството во ЕУ, вклучувајќи можности за граѓаните, организациите и институциите да преземат акции и дејствија пред ЕСП во конеткст на заштитата на животната средина. |
| Времетраење на модулот | 80 минути |

| Назив на активноста | Содржина на активноста | Метод на обработка |
|---|---|---|
| Поттема 9: Придонесот на ЕСП во заштита на животната средина | - Анализа на релевантни членови од ЕСП (импликации од примена на членот 37 од Повелбата за основните човекови права на Европската Унија) | Работа во групи<br>Анализа на случаи<br>Презентации |
| Работни материјали: | • Текст на Повелбата за основните човекови права на ЕУ<br>• Конкретни примери од праксата на судот | |
| Профил на предавач: | Меѓународен експерт (TAIEX експерт или поранешен судија на ЕСП) | |
| Времетраење на активноста: | 80 минути (10- запознавање со случите; 30 – работа во групи; 30 – презентација од групите, 10 – дискусија) | |

| МОДУЛ 6 – „ЗЕЛЕНАТА ВИКТИМОЛОГИЈА“ (Green Victimology) | |
|---|---|
| Цел на модулот | Свеста за еколошкиот криминал придонесе за појава на т.н. зелена криминологија и зелена виктимологија. Целта на модулот е да се разјасни опфатот на жртвите од еколошкиот криминалитет особено поради потешкотии во пристап до правдата и неефективната судска заштита.<br><br>Посебно ќе се елаборира заклучокот на Врховниот суд на РСМ во однос на зајакната судска заштита на правото на здрава животна средина, како едно од темелните вредности содржани во Уставот на РСМ. |
| Времетраење на модулот | 45 минути |

| Назив на активноста | Содржина на активноста | Метод на обработка |
|---|---|---|
| Поттема 10: Виктимолошки аспекти и секундарна виктимизација поради неефективна судска заштита пред домашните судови | - Граѓанско правни аспекти<br>» Петитум на тужба<br>» Надомест на штета<br>» ЗОО – спречување на идна штета<br>- Управни аспекти (пропуштање)<br>- Уставноправна заштита<br>- Ставот на Врховниот суд на РСМ | Анализа на случаи<br><br>Добри и лоши практики |
| Работни материјали: | • Izazovi zaštite životne sredine u Republici Severnoj Makedoniji, Gordana Lažetić i Elena Mujoska Trpevska, TEMIDA 2022, vol. 25, br. 3, str. 283-308<br>• Екологија и казненоправни инструменти заштите - норма и пракса Републике Северне Македоније, (Г.Лажетић, Е.Мујоска-Трпевска), Гласник Адвокатске Коморе Војводине,2024<br>• Пресуди од домашни судови и Правното мислење на Врховниот суд на РСМ | |
| Профил на предавач: | Доц.д-р Елена Мујоска Трпевска | |
| Времетраење на активноста: | 45 минути | |

# 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕЛЕВАНТНИ ИЗВОРИ

1. Анализа на пресуда (Будајева против Русија)
   https://ekoloskapravda.mk/mk/%d0%b0%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0
   %b0-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b0-%d0%b1%d1%83%d0%b4%d0%b0%d
   1%98%d0%b5%d0%b2%d0%b0-%d0%b8-%d0%b4%d1%80%d1%83%d0%b3%d0%b8-%d0%bf%d1%80/

2. Новинарска сторија (Бучава)
   https://ekoloskapravda.mk/mk/%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%80%d1%81%d0
   %ba%d0%b0-%d1%81%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b1%d1%83%d1%87%d
   0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b5%d0%b4%d0%b5%d0%bd-%d0%be%d0%b4-%d0%bd/

3. Анализа на пресуда (Олуиќ против Хрватска) -
   Анализа на пресуда (Будајева против Русија)
   https://ekoloskapravda.mk/mk/%d0%b0%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d
   0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%be%d0%bb%
   d1%83%d0%b8%d1%9c-%d0%bf%d1%80%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2-%d1%85%d1%80%d0%b2/

4. Новинарска сторија (Екоцид)
   https://ekoloskapravda.mk/mk/%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%80%d
   1%81%d0%ba%d0%b0-%d1%81%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b-
   f%d1%80%d0%b8%d0%b7%d0%bd%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-
   %d0%b5%d0%ba%d0%be/

5. Компаративна анализа на стратегии за справување со еколошки криминал
   https://ekoloskapravda.mk/mk/%d0%ba%d0%be%d0%bc%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%b0%d1%82%d
   0%b8%d0%b2%d0%bd%d0%b0-%d0%b0%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%b7%d0%b0-%d0%b-
   d%d0%b0-%d1%81%d1%82%d1%80%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%b3%d0%b8%d0%b8-%d0%b7%d0%b0/

6. Заштита на животната средина низ призмата на праксата на ЕСЧП -
   добри и лоши практики во РСМ
   https://ekoloskapravda.mk/mk/%d0%b7%d0%b0%d1%88%d1%82%d0%b8%d1%82%d0%b0-
   %d0%bd%d0%b0-%d0%b6%d0%b8%d0%b2%d0%be%d1%82%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0-
   %d1%81%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b0-%d0%bd%d0%b8%d0%b7-%d0%b-
   f%d1%80%d0%b8%d0%b7/

7. Патоказ за спроведување на политиките за животна средина
   https://ekoloskapravda.mk/mk/%d0%bf%d0%b0%d1%82%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%b7-
   %d0%b7%d0%b0-%d1%81%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b2%d0%b5%d0%b4%d1%83%d0
   %b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%bb%d0%b8%d1%82%d1%82%d0%b8%d0%ba%d0%b8%d1%82
   %d0%b8%d0%ba%d0%b8%d1%82/ -

8. Документ за јавни политики
   (Како до ефикасна и ефективна еколошка правда)
   https://ekoloskapravda.mk/mk/%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d
   1%82-%d0%b7%d0%b0-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d0%b-
   b%d0%b8%d1%82%d0%b8%d0%ba%d0%b8/

9. Анализа на празнини и недостатоци - предизвици и можности за институционална правна рамка на животната средина
   https://ekoloskapravda.mk/mk/%d0%b0%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%b7%d0%b0-%d0%b-
   d%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%bd%d0%b8%d0%bd%d0%b8-%d0%b8-%d0%b-
   d%d0%b5%d0%b4%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%86%d0%b8-%d0%b-
   f%d1%80%d0%b5/

10. Анализа (Чист воздух - основно човеково право или неостварливи обврски за општините во Северна Македонија)
https://cpia.mk/mk/%d1%87%d0%b8%d1%81%d1%82-%d0%b2%d0%be-%d0%b7%d0%b4%d1%83%d1%85-%d0%be%d1%81%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%bd%d0%be-%d1%87%d0%be%d0%b2%d0%b5%d0%ba%d0%be%d0%b2%d0%be-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%b8%d0%bb/

11. Курикулум за еколошка правда за обука на судии и јавни обвинители
https://cpia.mk/mk/%d0%ba%d1%83%d1%80%d0%b8%d0%ba%d1%83%d0%bb%d1%83%d0%bc-%d0%b7%d0%b0-%d0%b5%d0%ba%d0%be%d0%bb%d0%be%d1%88%d0%ba%d0%b0-%d0%b-f%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b4%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%be%d0%b1%d1%83%d0%ba%d0%b0/

12. Улогата на уставните судови во заштитата на животната средина и правото на здрава животна средина
https://cpia.mk/mk/%d1%83%d0%bb%d0%be%d0%b3%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d1%83%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%be%d0%b2%d0%b8-%d0%b2%d0%be-%d0%b7%d0%b0%d1%88%d1%82%d0%b8%d1%82/

13. Родовите аспекти во превенцијата на еколошки криминал
https://cpia.mk/mk/%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%be%d0%b2%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%b0%d1%81%d0%bf%d0%b5%d0%ba%d1%82%d0%b8-%d0%b2%d0%be-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b2%d0%b5%d0%bd%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%b5-2/

14. Документ за јавни политики „Учеството и улогата на Министерството за внатрешни работи при заштитита на животната средина"
https://cpia.mk/wp-content/uploads/2024/09/%D0%A3%D1%87%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%B8-%D1%83%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%B7%D0%B0-%D0%B2%D0%BD%D0%B0%D1%82%D1%80%D0%B5%D1%88%D0%BD%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B8-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D1%84%D0%B8%D0%B-D%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0.pdf

15. Случај пред Европскиот суд на правдата: 1. C-240/09 – Lesoochranárske zoskupenie (2011)
https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A62009CJ0240

16. Случај пред Европскиот суд на правдата:C-308/08 - Commision v Spain
https://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&jur=C,T,F&num=C-308/08&td=ALL

17. Случај пред Европскиот суд на правдата: C-404/09 – Commission v. Germany (2012, амбиентален воздух)
https://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf?text=&docid=173523&pageIndex=0&do-clang=en&mode=lst&dir=&occ=first&part=1&cid=25552

18. Случај пред Европскиот суд на правдата: C-340/10 – Commision v Cyprus (2013, заштита на фауна)
https://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&jur=C,T,F&num=C-340/10&td=ALL

19. Случај пред Европскиот суд на правдата: C-383/09– Commision v France (2011, руинирање на природни хабитати)
https://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&jur=C,T,F&num=C-383/09&td=ALL

# 7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАПРЕДНАТА ОБУКА И СООДНОС НА ТРЕНИНГ МОДУЛИТЕ

Вкупното времетраење на обуката е 550 минути. Обуката е предвидена како дводневна. Модул 1 е 60минути или 11%, Модул 2 е 225 минути или 41%, Модул 3 е 60 минути или 11%, Модул 4 е 80 минути или 14,5%, Модул 5 е 80 минути или 14,5% и Модул 6 е 45 минути или 8% од вкупното времетраење на обуката.

СООДНОС И ВРЕМЕНСКИ ОПСЕГ НА ТРЕНИНГ МОДУЛИ








# 8. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Место на организирање на обуката: | » АСЈО<br>» Центар за обука во МВР |
| Тип на обука: | Континуирана |
| Учесници: | » Инспектори/Полиција<br>» Јавни обвинители<br>» Судии |
| Големина на група: | Max 30 учесника |
| Структура на група: | Мешовит состав на учесници |
| Методи за обука: | » Теоретски осврт<br>» Анализа на законски одредби<br>» Анализа на случаи на ЕСЧП и ЕСП<br>» Анализа на домашна судска практика<br>» Добри и лоши практики |
| Предавачи: | Експерти од соодветните области, практичари и теоретичари |
| Времетрање: | Дводневна обука (вкупно 550 минути) |
| Повторување на обуката во текот на календарска година: | Три дводневни обуки во текот на една календарска година |

# 9.МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ЗА СОВЛАДУВАЊЕ НА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Планарно предавање (презентација) | Теоретски осврт на прашањата што се тема на обуката, продлабочувања и проширување на знаењата, споделување нови информации, презентирање на теоретски концепти заради дефинирање, разграничување и правилно разбирање на анализираните аспекти |
| Работа во помали групи | Тимската работа во текот на обуката овозможува зајакнување на комуникациските вештини и помага за размена на искуства во групата. Во текот на групната работа сложените задачи се делат на делови и чекори што треба да се преземат, се планира времето за завршување, се поттикнува дискусија и објаснувања во однос на различни претпоставки, предлози и сугестии. |
| Проактивен пристап | Ефективен начин за совладување на тематските единици со анализа на случаи од практиката. Овозможува целосна ангажираност, соживување со улогата, анализа на начинот на постапување на другите, искуствата и потешкотиите во еден конкретен случај, извлекување заклучоци за добри практики или грешки во постапувањето, правилен начин за постапување во реален контекст и справување со реални ситуации. |
| Дискусија и резимирање | Размена на ставови, изнесување аргументи за и против определен начин на постапување, изразување мислења за проблемот и предлози за негово решавање. Резимирањето на крајот од дискусијата треба да доведе до сублимирање на наученото од модулот и сумирање на заклучоците. |
| Евалуација | На крајот од секој модул корисно е заедно со учесниците да се направи евалуацијата колку содржината на модулот им помогнал во збогатување на сознанијата, разјаснување на дилемите, осознавање на добри практики и воедначување на постапувањето. |



# НАПРЕДНА ОБУКА ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА

## Домашни и европски аспекти - од откривање на еколошки прекршоци и кривични дела до правосилна пресуда -

**Локација:** Академија за судии и јавни обвинители

| АГЕНДА | |
|---|---|
| **ПРВ ДЕН** | |
| 09:00 – 09:20 | Воведни аспекти, цели и динамика на обуката |
| 09:20 – 09:40 | Релевнатни меѓународни и европски регулативи (Модул 1, Активност 1) |
| 09:40 – 10:00 | Кафе пауза |
| 10:00 – 10:40 | Релевантна домашна казнено-правна регулатива (Модул 1, Активност 2) |
| 10:40 – 12:00 | Предизвици во работењето и активностите на МВР (Модул 2, Активност 1) |
| 12:00 – 13:00 | Ручек |
| 13:00 – 13:30 | Предизвици во работењето и активностите на МВР (Модул 2, Активност 1 - продолжение) |
| 13:30 – 14:30 | Предизвици во работењето и активностите на други релевантни органи (Модул 2, Активност 2) |
| 14:30 – 15:30 | Кафа пауза |
| 15:30 – 15:45 | Гонење на еколошкиот криминал (Модул 2, Активност 3) |
| 15:45 – 16:00 | Сумирање на првиот ден од обуката |
| **ВТОР ДЕН** | |
| 09:00 – 10:00 | Анализа на предмети од судската практика во РСМ (Модул 3, Активност 1) |
| 10:00 – 10:20 | Кафа пауза |
| 10:20 – 10:40 | Придонесот на ЕКЧП во заштита на животната средина (Модул 4, Активност 1) |
| 10:40 – 11:40 | Анализа на пресуди на ЕСЧП (Модул 4, Активност 2) |
| 11:40 – 12:40 | Анализа на пресуди на Европскиот суд на правдата (Модул 5, Активност 1) |
| 12:40 – 13:40 | Ручек |
| 13:40 – 14:00 | Работа во група и презентација на случај (Модул 5, Активност 1) |
| 14:00 – 14:20 | Кафе пауза |
| 14:20 – 15:05 | Виктимолошки аспекти и секундарна виктимизација (Модул 6, Активност 1) |
| 15:05 – 15:20 | Евалуација на обуката |

# КУРИКУЛУМ ЗА НАПРЕДНА ОБУКА ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА

Домашни и европски аспекти
- од откривање на еколошки прекршоци и кривични дела до правосилна пресуда -

Центар за правни истражувања и анализи